**Македонско здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија (МЗБКИА)**

# С Т А Т У Т

**на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија (МЗБКИА)**

Скопје, 15 јануари 2000 година

Врз основа на член 5, 20 и 76 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на РМ, бр. 31 од 02. 07. 1998 година, Собранието на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, на седницата одржана на 15.01.2000 година, донесе

# С Т А Т У Т

**на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија (МЗБКИА)**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија е здружение на граѓани-имунолози и алерголози, формирано со слободно здружување на граѓаните, заради остварување и усогласување на своите интереси и заради вршење на дејности и активности со цел за подобрување на базичната, клиничката имунологија и алергологијата во Република Македонија.

**член 2**

Граѓаните се здружуваат во Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, заради остварување на поширок општествен интерес преку што се задоволуваат потребите од стручна и друга помош во областите на базична, клиничка имунологија и алергологија.

**член 3**

Член во Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, може да биде секој полнолетен граѓанин - државјанин на Република Македонија, кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава.

Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница, односно со издавање на членска книшка, која при исклучување или престанок на членувањето во Здружението, задолжително се враќа.

Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија од Скопје за своите членови води регистер на членството, кој се ажурира еднаш годишно.

**член 4**

Членот има право да биде биран во органите на Здружението, да учествува во работата на Здружението и да придонесува во развојот и популарноста на Здружението.

**член 5**

Обврски на членовите во Здружението се:

-редовно да ја плаќаат чланарината;

-да присуствуваат на состаноците;

-да земаат конкретно учество во спроведување на Програмата на активностите на Здружението.

**член 6**

Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, како здружение на граѓани -имунолози и алерголози своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со односите уредени со Уставот на Република Македонија, овој Статут, како и со други законски норми кои регулираат материја од оваа област.

**член 7**

Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија го претставува и застапува претседателот.

**член 8**

Називот на здружението на граѓани е Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија (кратенка на Здружението е МЗБКИА). Насловот на Здружението на англиски јазик е Macedonian Society for Basic, Clinical Immunology and Allergology (MSBCIA).

**член 9**

Седиштето на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија е во Скопје.

Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија се организира и делува на подрачјето на Република Македонија.

**член 10**

Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија е правно лице.

Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: Македонско здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, а во средината се наоѓа амблемот на Здружението.

Штембилот на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија е правоаголен со следниот текст: "Македонско здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија", број, дата и место.

**член 11**

Работата на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на здруженијата на граѓаните-имунолозите и алерголозите за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално-финансиското работење и друго.

За информирањето на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата како и ВЕБ страниците на Интернет.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ

**член 12**

Граѓаните се здружени во Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија заради остварување на поширок заеднички интерес и како посебни цели и задачи се:

- се занимава со стручни прашања од својата област и учествува во организирањето и изведувањето на едукацијата на своите членови и во остварувањето на доктринарни ставови од својата област;

- се грижи за планско стручно усовршување на своите членови со организирање на конгреси, симпозиуми, семинари, стручни состаноци и сл.

- соработува во планирањето на кадарот, специјализациите и постдипломските студии од својата област;

- ја следи организацијата и работата на здравствената дејност во рамките на својата стручна надлежност, а на соодветните органи и организации им предлага мерки за унапредување и подобрување на организацијата на работата;

- соработува со други Здруженија при Македонско лекарско друштво во подрачјата од заеднички интерес.

Здружението се зачленува во Македонско лекарско друштво и директно комуницира со европски и светски специјалистички здруженија.

Здружението може да издава сопствено списание или заедничко со друго сродно специјалистичко здружение.

Здружението:

- работи на подигањето на здравствената култура на населението;

- кај своите членови постојано ги негува и развива начелата на Кодексот на медицинската деонтологија и развива чувство на другарска поврзаност меѓу своите членови и меѓу членовите на МЛД во целина;

- води евиденција на своето членство преку регистер на членовите кој е составен дел на регистерот на членовите на МЛД;

- може да издава и своја идентификациона карта за своите членови.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА БАЗИЧНА, КЛИНИЧКА ИМУНОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА

**член 13**

Здружението остварува средства од:

-чланарина;

-донации;

-буџет;

-провизии од органи, организации, заедници и од други услуги;

-од трговски друштва;

-и од други услуги.

**член 14**

Користењето и располагањето со средствата Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми.

**член 15**

За користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

**член 16**

Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 13 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, заедничка потрошувачка на вработените, материјални трошоци за работа на Здружението, и други расходи сврзани со работата.

## УПРАВУВАЊЕ СО МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА БАЗИЧНА, КЛИНИЧКА ИМУНОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА

**член 17**

Со Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија управува организирано членство на Здружението непосредно или преку свои претставници во органите.

Права и должности на претставникот се:

-претставникот да избира и да биде биран во органите на Здружението;

-претставникот да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;

-да работи на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;

-да ги спроведува во целост одредбите од Статутот и програмските активности;

-да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;

-да бара стручна и друга помош од областа на

## ОРГАНИ НА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА БАЗИЧНА, КЛИНИЧКА ИМУНОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА

**член 18**

Органи на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија се:

**1. Собрание;**

**2. Извршен одбор.**

**член 19**

Собранието го сочинуваат сите членови на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија.

Мандатот на претставниците трае 4 години.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**член 20**

Седници на Собрание свикува претседателот на Собранието.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Седница на Собранието за работа на Извршниот одбор може да се свика и по предлог на надзорната комисија.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

**член 21**

Собранието на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија од редовите на своите претставници избира Извршен одбор кој е извршен орган на Собранието, на редовни и вонредни собранија.

**член 22**

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број претставници.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните претставници.

Во надлежност на Собранието е следното:

- го донесува Статутот на Собранието го сочинуваат сите членови на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија и врши измени и доплонувања на истиот;

- избира и разрешува членови на Извршниот одбор;

- усвојува програмска ориентација за работа на Здружението за период од 4 години операционизирано во годишните програми;

- го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија;

- ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;

- донесува финансиски план и усвојува завршна сметка на Собранието го сочинуваат сите членови на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија;

- расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;

- донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;

- врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

**член 23**

Извршниот одбор на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија е извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Здружението во согласност со Статутот

**член 24**

Извршниот одбор на Собранието на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија брои 11 члена.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4 години.

Извршниот одбор од своите редови избира претседател со мандат од 4 години.

Претседателот на Извршниот одбор истовремено е и претседател на Собранието на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија и тој го претставува и застапува Здружението.

**член 25**

Во надлежност на Извршниот одбор е следното:

- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- донесува и реализира годишна програма за работа;
- предлага измени и дополнување на Статутот;
- донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- свикува седници на Собранието и припрема материјали;
- именува и разрешува секретар на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија;
- донесува одлуки за формирање на постојни и повремени комисии, и ја насочува нивната работа;
- организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- донесува одлуки за набавка и оттуѓување на основните средства;
- дава согласност на Правилникот за организацијата на работите и работните задачи на стручната служба на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија;
- донесува одлуки по приговори и жалби;
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението.

**член 26**

Извршниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија.

Извршниот одбор се состанува и одржува седници по потреба.

Седницата на Извршниот одбор ја свикува Претседателот.

Предлог за свикување на Извршниот одбор може да поднесе една половина од Извршниот одбор, една третина од претставниците во Собранието, по предлог на надзорниот одбор и секретарот на Здружението.

Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство член кој ќе го избере Извршниот одбор. Начинот на свикување на седницата и работењето на Извршниот одбор се уредува со Деловник за работа.

**член 27**

Заради извршување на статутарните и програмски задачи и одлуки на Собранието и Извршниот одбор, Извршниот одбор формира надзорна комисија и други работни тела.

Надзорната комисија врши контрола над спроведувањето на одредбите на овој Статут и контрола за наменско располагање со средствата и приходите на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија.

Своите наоди и одлуки Надзорната комисија ги доставува до Собранието и Извршниот одбор на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија.

## СТРУЧНА СЛУЖБА НА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА БАЗИЧНА, КЛИНИЧКА ИМУНОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА

**член 28**

За извршување на административно-стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, се формира Стручна служба.

**член 29**

Правата и обврските и одговорностите за работа на вработените во Стручната служба ги утврдува секретарот на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија во согласност со законските норми и Статутот.

**член 30**

Средствата за работа на стручната служба се определуваат со Финансиски план секоја година и тоа: средства за плати, средства за заедничка потрошувачка, средства за материјални трошоци, средства за посебна намена за нормално извршување на функцијата.

**член 31**

Со Стручната служба на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија раководи секретар.

Секретарот го именува и разрешува Извршниот одбор согласно условите кои се утврдени со посебна одлука.

Секретарот на стручната служба во исто време е и секретар на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија.

Секретарот правото од работен однос го остварува во Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, во Стручната служба, а за извршувањето на својата работа одговорен е пред Извршниот одбор.

**член 32**

Права, обврски и надлежности на секретарот:

- секретарот на стручната служба раководи со работата на стручната служба,
- секретарот е работоводен орган и ги извршува сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи;
- секретарот е наредбодател и потписник на сметката на Здружението;
- секретарот е одговорен за извршувањето на Финансискиот план и Програмата за работа;
- се грижи за благовремено извршување на одлуките и заклучоците донесени од Собранието и Извршниот одбор;

- во правниот промет презема мерки и дејствија во име и за сметка на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија;

- се грижи за правилната примена на Законските прописи од областа на дејностите што ги врши Здружението;

- склучува договори, спогодби во име и за Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија.

## ПРЕСТАНОК НА МАКЕДОНСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА БАЗИЧНА, КЛИНИЧКА ИМУНОЛОГИЈА И АЛЕРГОЛОГИЈА

**член 33**

Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија ќе престане со работа ако за тоа одлучат членовите на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, ако бројот на членовите се намали под бројот определен за основање, ако настапат причини утврдени во член 52 од Законот.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија.

**член 34**

По престанокот на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на Црвениот крст на Република Македонија.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 35**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија, а помеѓу две собранија, Извршниот одбор на Здружението.

**член 36**

Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија е правен следбеник на целокупниот имот - капиталот на досегашното Здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија.

**член 37**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**член 38**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето, а престанува да важи Правилникот на Здружението за базична, клиничка имунологија и алергологија донесен на ден 22.12.1993 година.

**Претседател на Извршниот одбор**

**на Македонското здружение за базична, клиничка имунологија и алергологија**

**Проф. д-р Мирко Спироски**